AGENCY FOR
MOBILITY AND
EU PROGRAMMES

Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union

Датум на започнување: 1.11.2018 година.

Датум на завршување: 31.10.2020 година.

Вкупен износ на проектот: 125.319,00 ЕУР







# Еко-градини во нашите детски градинки

ECO KIDS

WWW.ECOGARDENS.EU

# Главни цели на проектот:

- Да се промовира размена на искуства и практични знаења помеѓу градинките и другите институции со цел да се вклучат најдобрите експертизи од различни области (различни социо-економски организации) што ќе продонесат кон подобрено предучилишно образование

- Да се зголемат компетенциите и вештините на воспитувачките во градинките за развој на сопствени пристапи за образование со употреба на наставни методи „учење преку правење“ и можностите за користење предностите на транснационалната соработка со нивните колеги од други земји со користење на Е Твининг платформата

# Постигнати проектни резултати:



- Подготвен документ за долгорочно стратешко транснационално партнерство

- Подготвен прирачник за селекција на отпад, рециклирање и практично искористување на компостирањето во предучилишното образование

- Воспоставена транснационална мрежа за соработка помеѓу воспитувачи во предучилишните установи

- 300 дечиња се со зголемени компетенции и вештини за селекција на отпад, рециклирање и практично искористување на компостирањето во еко производството, вештини за тимска работа

- Веб-страница на проектот со најдобрите практики од проектните активности - http://ecogardens.eu/

# За документот за воспоставување долгорочно стратешко транснационално партнерство меѓу различни социо-економски партнери за зголемување на квалитетот на предучилишното образование во општините Лубрег, Пазарџик и Кочани

Документот е основа за воспоставување на транснационална соработка помеѓу повеќе социо-економски типови организации како локални јавни тела (општини, јавни комунални претпријатија, јавни образовни институции), локални и регионални невладини организации и образовни институции од областа на предучилишното образование за регионите на општините Лудбрег-Хрватска, Пазарџик - Бугарија и Кочани-Македонија.

Основната цел е да се воспостави долгорочно стратешко транснационално партнерство кое во иднина ќе спроведе развиен Акционен план на активности што е дел од документот, а тоа ќе доведе до реализација на многу мали, средни или големи проекти, главно насочени кон генерирање на значителни позитивни придобивки за предучилишните институции, наставниците и децата кои ќе посетуваат програма за едукација во градинките.





# Документот се состои од три поглавја:

- Првото поглавје на документот се состои од анализа на сегашната состојба во областа на предучилишното образование, во трите општини Лудбрег, Пазарџик и Кочани, што вклучува отворено и критичко истражување на забележани слабости во организацијата на предучилишните образовни процеси (од аспект на потенцијал за негово подобрување).
- Второто поглавје од овој документ се состои од анализи на потенцијалот за соработка помеѓу различни социо-економски организации и ќе се осврне на најитните теми и темите од најголем интерес, исто така придружени со можни пристапи до неопходните финансиски средства за нивна реализација.
- Третото и последно поглавје се состои од развиен долгорочен акционен план со планирани активности што ќе доведат до постигнување на очекуваното влијание, со конкретни мерки што треба да се преземат пред да започнат реалните активности, како и планирано учество на партнерите во проектот со нивните одговорности. Акциониот план исто така содржи проценети трошоци и временска рамка за реализација на секоја акција како неопходен индикатор за следење на напредокот и влијанието на неговата реализација.





# За Прирачникот за наставници во предучилишните установи „Како да се решат прашањата за рециклирање и компостирање на цврст отпад со практичен пристап“

Прирачникот е педагошки наставен/едукативен материјал за интерна употреба на воспитувачките во предучилишните установи.

## Се состои од четири поглавја:

- Првото поглавје претставува општ преглед на предизвиците со кои се соочува човештвото поради огромното производство на цврст отпад, како и неопходноста и потенцијалот за повторно користење на органскиот отпад со компостирање (текстот е адаптиран на возраста на децата во градинките). Ова поглавје од Прирачникот се состои од методи за истражување на свеста за животната средина на дечињата, пред спроведувањето и по спроведувањето на проектот.

- Второто поглавје е комплетно упатство за воспитувачките во предучилишните установи како да направат селекција и компостирање на органски отпад во компостери, вклучувајќи ги и основните информации за еко-градините, одржливо производство, потрошувачка, рециклирање и компостирање; развој на наставни единици и корелациски пристап кон темата.

- Третото поглавје се состои од насоки за воспитувачките во предучилишните установи како да се употреби произведениот компост во производство на овошје, зеленчук и цвеќиња во новоизградените еко-гардини (во рамките на проектот). Свеста на децата за важноста за производство на здрава храна ќе биде главната цел што очекуваме да се постигне.

- Во четвртото поглавје се презентирани кратки упатства за воспитувачките во предучилишните установи како да користат ОЕР (веб 2.0 алатки) во своите предавања на дечињата, како да се воспостави мрежно учење на наставниците со користење на еТвининг платформата и можностите за развивање и спроведување на еТвининг проекти за транснационална соработка со колеги од други ЕУ земји.

# Редослед







Имавме многу активности и многу работа, а тоа го спроведовме преку...

Започнавме со ...

Почетен состанок – Прв транснационален состанок на проектни партнери

Имавме многу активности и многу работа, а тоа го спроведовме преку...

# на активности

Краткотрајни обуки на наставници реализирани во Северна Македонија, Бугарија и Хрватска...

Долготрајни задачи за наставници...

И, ќе завршиме со...

Национални настани за дисеминација на проектите резултати...





Овој флаер ги изразува исклучиво ставовите на своите автори и Комисијата не може да се смета за одговорна за употребата на информациите кои се содржани во него.